**Република Македонија**
**Државна изборна комисија**

# З А П И С Н И К
## *ОД 97 –ТАТА СЕДНИЦА*
## *НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

## *ОДРЖАНА НА 17 АПРИЛ 2014 ГОДИНА*

## ЗАПИСНИК
## од деведесет и седмата седница на Државната изборна комисија

Деведесет и седмата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 17 април 2014 година ( четврток ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 15:45 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими-** | Член на Државната изборна комисија, |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам.Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница е предложен следниот

### Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 96 – тата Седница на ДИК одржана на 15.04.2014 година;**

**2.Објавување на конечни резултати од првиот круг на гласањето за избор на Претседател на Република Македонија, 2014 година;**

**3.Предлог Заклучок за заклучување на Избирачкиот список за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија;**

**4.Утврдување на изгледот и формата на гласачкото ливче за втор круг на изборите за Претседател на Република Македонија и предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година;**

**5.Предлог Упатство за измена и дополнување на Упатството за примена на член 113 – б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско-конзуларните претставништва, односно Конзуларните канцеларии;**

**6.Предлог Заклучок за доставување и објавување на резултатите од гласањето за втор круг на изборите за Претседател на Република Македонија и предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2014 година, за Изборните единици 7, 8 и 9;**

**7. Разгледување и одлучување по поднесени приговори согласно член 69 – а и по претставки и барања согласно член 77, член 78 став (8) и член 82 став (4) од Изборниот законик;**

**8.Разгледување на претставката и барањето за одземање на овластување за набљудување на Претседателските и предвремените парламентарни избори,**

**2014 година поднесена од овластениот претставник на кандидатот за Претседател на Република Македонија Иљаз Халими и Демократската партија на Албанците – ДПА, г. Раметула Кучи;**
**9.Разгледување на барањата за изземање од Избирачките одбори за спроведување на гласањето во ДКП;**
**10.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Канцеларијата на НАТО за врски Скопје, Амбасадата на Република Полска, Амбасадата на Руска Федерација во Р.Македонија, ЦИК на Грузија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје – дополнување, Канцеларијата на ОБСЕ/ОДИХР - дополнување и Делегација на Европска Унија - дополнување за претседателски избори и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година;**
**11.Разно**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 97 – та Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 96 – тата Седница на ДИК одржана на 15.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори расправа по Записникот од 96-тата Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записникот е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 96 – тата Седница на ДИК одржана на 15.04.2014 година.**

**Се констатира дека е усвоен Записникот од 96 – тата Седница на ДИК одржана на 15.04.2014 година.**

**Точка 2:**
**Објавување на конечни резултати од првиот круг на гласањето за избор на Претседател на Република Македонија, 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, ги објави конечни резултати од првиот круг на гласањето за избор на Претседател на Република Македонија, 2014 година, согласно член 135 став (2) од Изборниот законик. Врз основа на записниците од Општинските изборни комисии, за сумирање на резултатите од гласањето за избор на Претседател на Република Македонија, образец број 21а и записниците за сумирање и утврдување на резултатите од гласањето за избор на Претседател на Република Македонија за избирачките места во ДКП, образец број 21гс, конечните резултати од првиот круг на гласањето се следни:

-Вкупен број на избирачи запишани во Избирачкиот список ...... 1.779.572
- Вкупен број на избирачи кои гласале ...... 869.547
- Процент на избирачи кои гласале ....... 48,86%
- Вкупен број на неупотребени гласачки ливчиња ....... 909,091
- Вкупен број на важечки гласачки ливчиња ........ 845,940
- Вкупен број на неважечки гласачки ливчиња ........ 23.677
- Процент на неважечки гласачки ливчиња од избирачи кои гласале ... 2,72%

Кандидатите за Претседател на Република Македонија ги добиле следните гласови:

1.Ѓорѓе Иванов ( 55 пратеници ) добиени гласови 449.442, процент од избирачи кои гласале 51,69% и процент од запишани избирачи во Избирачкиот список ( чл.120 од И.З. ) 25,26%;

2. Иљаз Халими ( Група избирачи ) добиени гласови 38.966, процент од избирачи кои гласале 4,48% и процент од запишани избирачи во Избирачкиот список ( чл.120 од И.З. ) 2,19%;

3. Стево Пендаровски ( 38 пратеници ) добиени гласови 326.164, процент од избирачи кои гласале 37,51% и процент од запишани избирачи во Избирачкиот список ( чл.120 од И.З. ) 18,33%;

4. Зоран Поповски ( Група избирачи ) добиени гласови 31.368, процент од избирачи кои гласале 3,61% и процент од запишани избирачи во Избирачкиот список ( чл.120 од И.З. ) 1,76%;

Врз основа на овие резултати ДИК констатира дека ниту еден кандидат за Претседател на Република Македонија не го добил потребното мнозинство гласови од членот 120 од Изборниот законик и во вториот круг од изборите за Претседател на Република Македонија, се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови, односно во вториот круг на гласањето одат:

1. Ѓорѓе Иванов ( 55 пратеници )

3. Стево Пендаровски ( 38 пратеници )

Кандидатите за Претседател на Република Македонија, во гласачкото ливче за вториот круг на изборите за Претседател на Република Македонија, ќе го задржат истиот реден број кој го имаа во гласачкото ливче во првиот круг за гласање а кое беше утврдено со ждрепка одржана на 17 март 2014 година.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој кажа дали е потребно, согласно членот 121 од Изборниот законик ДИК да донесе Заклучок дека во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови, односно во вториот круг на гласањето одат под број1. Ѓорѓе Иванов ( 55 пратеници ) и под број 3. Стево Пендаровски ( 38 пратеници ) и ќе го задржат истиот реден број кој го имаа во гласачкото ливче во првиот круг за гласање.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е предлогот прифатлив, овие резултати се конечни и од тоа да произлезе Заклучок по предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.

Предлог Заклучокот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи дека во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови, односно во вториот круг на гласањето одат под број1. Ѓорѓе Иванов ( 55 пратеници ) и под број 3. Стево Пендаровски ( 38 пратеници ) и ќе го задржат истиот реден број кој го имаа во гласачкото ливче во првиот круг за гласање, е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Заклучокот, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови, односно во вториот круг на гласањето одат под број1. Ѓорѓе Иванов ( 55 пратеници ) и под број 3. Стево Пендаровски ( 38 пратеници ) и ќе го задржат истиот реден број кој го имаа во гласачкото ливче во првиот круг за гласање. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 3:**

**Предлог Заклучок за заклучување на Избирачкиот список за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е подготвен Предлог Заклучок за заклучување на Избирачкиот список за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија.По спроведениот јавен увид Државната изборна комисија, согласно член 52 од Изборниот законик го заклучи Избирачкиот список и констатира дека:

1. Вкупно лица запишани во Избирачкиот список за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година, во Република Македонија изнесува - 1.780.128 , а по Изборни единици:

Изборна единица 001 ........ 297.686
Изборна единица 002 ........ 306.067
Изборна единица 003 ........ 280.890
Изборна единица 004 ........ 280.810
Изборна единица 005 ........ 286.435
Изборна единица 006 ........ 304.458
Изборна единица 007 ........ 18.911
Изборна единица 008 ........ 3.337
Изборна единица 009 ........ 1.534

2. Лица запишани во Избирачкиот список без лицата кои се наоѓаат во посебните изводи, односно без ( иселени, одбори, раселени, затвори и дијаспората) изнесува - 1.694.410

3. Вкупен број на иселени лица, кои не поднеле пријави за гласање во странство изнесува – 59.726

4. Лица кои се членови на избирачки одбори за спроведување на гласање во ДКП и конзуларни канцелари и кои гласаат во ДИК изнесува -329

5. Вкупен број на раселени лица изнесува - 38

6. Лица кои се наоѓаат на издржување казна затвор или притвор изнесува -1.843

7. Вкупен број на лица за гласање во ДКП односно во конзуларни канцеларии изнесува – 23.782 , а по Изборни единици:

Изборна единица 7 вкупен број на избирачи – 18.911
Изборна единица 8 вкупен број на избирачи – 3.337
Изборна единица 9 вкупен број на избирачи – 1.534

**II.** Овој Заклучок да се објави на ВЕБ страницата на Државната изборна комисија.

Се отвори дискусија.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој меѓу другото кажа дека заклучувањето на Избирачкиот список за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија има други резултати од заклучувањето на Избирачкиот список за Претседателските

избори, 2014 година. Сега има повеќе избирачи за гласање во дијаспората најверојатно затоа што имале време да извадат патни исправи и поради тоа некој лица сега ќе бидат во посебниот Избирачки список за парламентарните избори а не биле во посебниот избирачки список за Претседателски избори. Исто така во графата – иселени лица да се дополни, според Секторот за информатичка технологија излегува дека има 69.316 иселени лица и би било добро да се наведат и тие 8700 гласачи кои се пријавиле за да гласаат во дијаспората но немаме во кои Изборни единици се пријавиле. И во ИЕ 6 сега има друг резултат и нема отстапување од минус 5 до плус 5% во однос на просечниот број на избирачи во изборна единица а и во ИЕ 7,8 и 9 ако се гледаат бројките нема отстапување. Кога имаше пријавување за гласање во дијаспората тој негираше за некој лица да не бидат во Избирачкиот список и поради тоа нема да се слага само во делот каде имал можност да види такви пријави за лица кои не можат да бидат во посебниот и во единствениот Избирачки список. Се воздржува за заклучување на Избирачкиот список во тој дел а во другиот дел не може да оспори затоа што ДИК и сите други органи кои учествувале за точноста на Избирачкиот список направите Избирачки список кој е реален према сите податоци и проверки кои се направени. Нема право на одвојување на мислење но мора да потенцира за лицата кои се оспорени од негова страна.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека бројките во Предлог Заклучокот се точни, само Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи не се согласува за онаа категорија на граѓани кои се запишани во Избирачкиот список а ДИК сметаше дека не треба да бидат запишани. Дискусијата заврши.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за прифаќање на Предлог Заклучокот за заклучување на Избирачкиот список за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Заклучокот за заклучување на Избирачкиот список за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија и 1 Член на Државната изборна комисија ( М-р Субхи Јакупи) се произнесе “ ВОЗДРЖАН “.**

**Се констатира дека е усвоен Заклучокот за заклучување на Избирачкиот список за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 4:**

**Утврдување на изгледот и формата на гласачкото ливче за втор круг на изборите за Претседател на Република Македонија и предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Бедредин Ибраими Член на ДИК, да даде појаснување по оваа точка.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека согласно објавените конечни резултати од првиот круг на гласањето за избор на Претседател на Република Македонија, 2014 година, во вториот круг на гласањето одат под број 1. Ѓорѓе Иванов ( 55 пратеници ) и под број 3. Стево Пендаровски ( 38 пратеници ) и ќе го задржат истиот реден број кој го имаа во гласачкото ливче во првиот круг за гласање. Гласачкото ливче е добро изработено и треба да се даде на печатење. Исто така и ливчето за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година, за сите Изборни единици, почнувајќи од ИЕ 1 до ИЕ 9 е добро разгледано, проверен е изгледот и ги содржи сите податоци кои

треба да ги содржи едно гласачко ливче. Предлага да биде прифатено и ова гласачко ливче.

Никој друг не се јави за дискусија и утврдувањето на изгледот и формата на гласачкото ливче за втор круг на изборите за Претседател на Република Македонија и предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година, е ставено на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " утврдување на изгледот и формата на гласачкото ливче за втор круг на изборите за Претседател на Република Македонија и предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година.**

**Точка 5:**

**Предлог Упатство за измена и дополнување на Упатството за примена на член 113 – б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско-конзуларните претставништва, односно Конзуларните канцеларии;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Влатко Сајкоски, Член на ДИК, да даде објаснување по оваа точка.

Влатко Сајкоски, Член на ДИК кажа дека со ова Упатство за измена и дополнување на Упатството за примена на член 113 – б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско-конзуларните претставништва, односно Конзуларните канцеларии се овозможува попрецизна примена на сета организација за гласање во ДИК на Избирачкото место 5050. Се појави проблем, во минатиот циклус, на достава на резултатите од ДИК до ОИК, а ОИК ги сумираат резултатите од гласањето на избирачите кои се членови на Избирачките одбори за гласање во ДКП. Проблемот се решава со носење на ова Упатство. Избирачкиот одбор за гласање во ДИК, на денот на гласањето во Република Македонија, по отворањето на гласачките места, во 7 часот наутро, ја отвара гласачката кутија и веднаш преку брза пошта го доставува изборниот материјал до ОИК каде што избирачите имаат постојано место на живеење. ОИК ги сумираат резултатите од гласањето на членовите на Избирачките одбори кои гласале во ДИК на Избирачкото место 5050, по завршување на гласањето во Република Македонија.

Никој друг не се јави за дискусија и Предлог Упатството за измена и дополнување на Упатството за примена на член 113 – б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско-конзуларните претставништва, односно Конзуларните канцеларии, е ставено на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Упатството за измена и дополнување на Упатството за примена на член 113 – б од Изборниот законик за гласање на избирачите кои се членови на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско-конзуларните претставништва, односно Конзуларните канцеларии.**

**Точка 6:**

**Предлог Заклучок за доставување и објавување на резултатите од гласањето за втор круг на изборите за Претседател на Република Македонија и предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2014 година, за Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека го имаат текстот на Предлог Заклучокот за доставување и објавување на резултатите од гласањето за втор круг на изборите за Претседател на Република Македонија и предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2014 година, за Изборните единици 7, 8 и 9. Отвори расправа. Никој не се јави за збор и Предлог Заклучокот е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Заклучокот за доставување и објавување на резултатите од гласањето за втор круг на изборите за Претседател на Република Македонија и предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2014 година, за Изборните единици 7, 8 и 9. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 7:**

**Разгледување и одлучување по поднесени приговори согласно член 69 – а и по претставки и барања согласно член 77, член 78 став (8) и член 82 став (4) од Изборниот законик;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека приговорите кои се поднесени од страна на овластени лица од политичките партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се од различна природа и ги категоризира во три групи. Во првата група се приговори поднесени согласно член 69-а, во втората група се приговори поднесени согласно член 77 и во третата група се приговори поднесени согласно член 78 став (8) и член 82 став (4) од Изборниот законик. Вака групирани ќе се разгледуваат еден по еден.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде краток вовед за приговорите поднесени согласно член 69-а од Изборниот законик. Вкупно се пет приговори и предлага расправата да се води општо за сите, а поединечно ќе се произнесуваат за секој приговор. Едногласно е прифатен предлогот. По редоследот и Извештајот на работната група формирана за разгледување на поднесените приговори за предвремена изборна кампања, првиот, вториот, третиот и четвртиот приговор се поднесен од Илија Димовски, овластен претставник на подносителот на листата на кандидат за Претседател на РМ за претседателските избори 2014 год. Ѓорѓе Иванов. Ова се четири приговори поднесени од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Петтиот приговор е поднесен од овластениот претставник, Генералниот секретар на СДСМ Оливер Спасовски.

Се даде кратка содржина на поднесените приговори од ВМРО-ДПМНЕ.

1.Согласно наводите во приговорот број 09-1580/1 подносителот наведува дека спротивно на членот 69 а, став 1 и 2, кандидатот за претседател на Република Македонија за претседателските избори 2014 година г-дин Стево Пендаровски, вршел испитување на мислењето на гласачите во Изборна Единица 3 преку лицето Даница Рамбабова која на ден 12.04.2014 во претпладневните часови во повеќе наврати од телефонскиот број 032606179 регистриран на нејзино име се јавувала на поголем број на граѓани, со цел да изврши влијание врз нивното гласачко право. Имено, лицето Даница Рамбабова е воедно потврден кандидат на листата на Социјалдемократскиот Сојуз на РМ за Изборна единица 3, при што нејзините активности дотолку повеќе претставуваат грубо кршење на Изборниот Законик на РМ. Подносителот тврди дека „овие наводи се добиени од страна на самите граѓани на територијата на Изборна Единица 3 на кои биле побарани од горенаведениот број, а кои ги доставија своите поплаки до штабот на кандидатот за претседател на РМ Горге Иванов. Од тие причини подносителот на приговорот бара „ Државната изборна комисија да извади листинг на повици од телефонскиот

број на лицето Даница Рамбабова за ден 12.04.2014 година, од кој несомнено ќе се потврдат наводите во овој приговор. Истовремено, подносителот на приговорот бара „ Државната изборна комисија соодветно да ги превеземе сите дејствија согласно Изборниот Законик на РМ и да го спречи натамошно прекршување на истиот од страна на лица кои се потврдени кандидати на кандидатските листи од СДСМ, а истовремено пропагираат за кандидатот за претседател Стево Пендаровски во време кога трае изборниот мол.

2.Согласно наводите во приговорот број 09-1581/1 од 12.04.2014 година подносителот наведува дека „Спротивно на членот 69 а, став 1 и 2, кандидатот за претседател на Република Македонија за претседателските избори 2014 година г-дин Стево Пендаровски, на веб портал на партијата Социјалдемократски Сојуз на РМ fwww.sdsm.orE.mk) на ден 12.04.2014 година вршел изборна кампања преку изборно медиумско и интернет претставување, иако изборната кампања не смее да трае 24 часа пред денот на изборите (12.04.2014 година).На овој начин, грубо е повреден Изборниот законик особено доколку се има во предвид фактот дека изборната кампања продолжила на само еден ден пред денот на гласање.„ Подносителот приложил „ДОКАЗ: Извадоци од веб страната на СДСМ од 12.04.2014 година од 14:49и 15:04 часот од 12.4.2014 година Подносителот бара Државната изборна комисија да постапи согласно член 69а став 3 од Изборниот законик.

3. Согласно наводите во приговорот број 09-1582/1 од 12.04.2014 година г-дин Стево Пендаровски, на веб порталот на Мактел (www.maktel.mk), Либертас fwww.libertas.mk), Плусинфо (www.plusinfo.mk), Бриф (www.brif.mk) и на политичката партија Социјалдемократски Сојуз на РМ (www.sdsm.orfi.mk) на ден 12.04.2014 година вршел изборна кампања преку изборно медиумско и интернет претставување, иако изборната кампања не смее да трае 24 часа пред денот на изборите (12.04.2014 година). Подносителот на приговорот приложи докази и бара Државната изборна комисија да постапи согласно Изборниот закони и да спречи грубо кршење на одредбите од Изборниот законик.

4.Согласно наводите во приговорот број 09-1606/1 од 13.04.2014 година подносителот наведува дека г-дин Стево Пендаровски, на веб порталот на OhridOn (www.ohridon.com) на ден 12.04.2014и 13.04.2014 година вршел изборна кампања преку изборно медиумско и интернет претставување, иако изборната кампања не смее да трае 24 часа пред денот на изборите (12.04.2014 година) и на денот на изборите (13.04.2014). Тоа исто така подразбира дека останатите учесници не добиле рамноправен пристап и еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда односно пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето. На овој начин, грубо е повреден Изборниот законик особено доколку се има во предвид фактот дека изборната кампања продолжила на само еден ден пред денот на гласање, односно на самиот ден предвиден за гласање.„ Подносителот доставува „ДОКАЗ: Извадоци од веб страните на Охрид Он за ден 12.04.2014 и 13.04.2014 година„

Се даде кратка содржина на поднесениот приговор од СДСМ.

1.Согласно наводите по дописот број 09-1635/1 од 13.04.2014 година од Генералниот секретар на СДСМ Оливер Спасовски подносителот наведува дека на порталот dudinka.mk е објавен текст со наслов „Горге Иванов победник на сите избирачки места„ во кој е наведено дека на сите избирачки места на кои се гласало вчера во дијаспората но и низ Македонија кај луѓето кои го користеа правото да гласаат дома победи Горге Иванов што е спротивно на одредбите на Изборниот Законик. Подносителот бара од ДИК согласно надлежностите да ги преземе потребните мерки и да поведе соодветна постапка против прекршителите на изборниот молк.

Се отвори расправа по сите пет поднесени приговори. За збор се јавија:

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кој меѓу другото кажа, за првиот приговор, дејствието кое е сторено е во правец на агитација и ако се извади листинг на повици од телефонскиот број на лицето Даница Рамбабова, доколку се точни наводите во овој приговор, тој е во правец истиот да се усвои. За наводите во вториот приговор, Комисијата ги проверила и извршила увид во доказите по што констатирала дека се точни. Тој смета дека треба да биде прифатен овој приговор. Во третиот приговор, наводите и доказите постојат на наведените портали и овој приговор е прифатлив за постапување. Во врска со четвртиот приговор смета дека OhridOn вршел изборна кампања преку изборно медиумско и интернет претставување, со што останатите учесници, согласно Изборниот законик не добиле рамноправен пристап и еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда. Комисијата ги проверила наводите и констатирала дека се точни. Петтиот приговор е поднесен од СДСМ, се работи за тоа дека се објавени на порталот "Дудинка" резултати од гласањето во дијаспората. Според него ова тврдење е проблематично и колку е точно или не, не знае. Не е сигурен колку овој приговор може да биде прифатен.

- Виолета Дума, член на ДИК, која меѓу другото кажа, по однос на приговорите на ВМРО-ДПМНЕ, по првиот приговор, ДИК треба да истражува каде се јавувало лицето Даница Рамбабова. Ова лице не е кандидат за Претседател, но е кандидат на листата на Социјалдемократскиот Сојуз на РМ.Овој приговор не може да го сврста во член 69-а од Изборниот законик ( го чита членот). Во вториот приговор се зборува за фејсбук и за ВЕБ страната на партијата СДСМ. Интернет претставување не се фејсбук и ВЕБ страните. И во третиот приговор се работи за ВЕБ страни кои не можат да се уклопат како медиумско претставување. Што се однесува до приговорот од СДСМ, законска обврска е на истакнување на резултатите на врата во ДКП но ова не било на врата. Изборите во ДКП се исто избори како во Р.Македонија но бидејќи има различна временска инстанца, објавувањето на резултатите е надвор од времето. Изборниот законик тука има фалинка. Законот секој различно го чита, но според неа,на денот на изборите, гласањето започнува во Р.Македонија, во недела, во 7:00 до 19:00 часот и пред тоа не треба да се објавуваат резултати.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, меѓу другото кажа дека интернетот и објавување на интернет е составен дел на членот 69-а од Изборниот законик. По однос на првиот приговор смета дека е Стево Пендаровски одговорен за настанатата случка и морал да укаже сите активности да се прекинат за време на молкот.Ова е поткрепено со очевидци и со членовите 2 и 68 од Изборниот законик и ова мора да биде казниво. Телефонското јавување значи пропагирање и тоа на сред изборен молк. ДИК треба да иницира покренување на прекршочна постапка согласно членот 179-б став (1) од Изборниот законик. По однос на другите три приговори јасни се членовите од Изборниот законик по кој ДИК треба да постапи. Што се однесува на приговорот на СДСМ за порталот Дудинка, текстот на кој приговара СДСМ е обична колумна на авторот на текстот и таа нема да го прифати овој приговор, тоа е само фактографско изнесување на факти. Предлага одлуките да бидат едногласно донесени. Од друга страна приговорите на ВМРО-ДПМНЕ кои се однесуваат на веб порталот на Мактел (www.maktel.mk), Либертас fwww.libertas.mk), Плусинфо (www.plusinfo.mk), Бриф (www.brif.mk) ДИК треба едногласно да ги прифати поради тоа што ги оставиле рекламите за Стево Пендаровски за време на молкот. Предлага приговорите поднесени од ВМРО-ДПМНЕ согласно членовите 69-а, 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д , 76 став (1)од Изборниот законик да бидат прифатени.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, меѓу другото кажа дека колешката Анета Стефановска, Член на ДИК, даде добро образложение во врска со приговорите. Согласно член 70 и 72 од Изборниот законик, смета дека се работи за ВЕБ страна на политичка партија и ова е повреда на изборниот молк по член 69-а од Изборниот законик. И Комисијата во Извештајот децидно кажува дека се наводите во приговорите, по извршениот увид во доказите, точни, за сите 4 приговори. Во третиот приговор, за интернет претставувањето, јасно и недвосмислено произлегува дека Стево Пендаровски, неспорно, водел изборна кампања на ден на изборен молк. Со тоа е прекршен членот 69-а од Изборниот законик. Во однос на Дудинка, не се наведени никакви бројки ни изборен материјал по ИЕ 7,8 и 9, има само процент. ДИК не е надлежна согласно членот 76 од Изборниот законик за радиодифузерите. Нема резултати и треба внимателно да се прочита приговорот.

- Виолета Дума, член на ДИК, меѓу другото кажа за Дудинка да се каже дека нема бројки и дека има само "фактогравско изнесување на факти ", не е во ред и го чита текстот од Дудинка.Има бројки и во 7 и 55 минути се даваат резултати на интернет. Останува на своето мислење да се преиспита што е " интернет претставување" што не е утврдено во Изборниот законик и е фалинка на законикот.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кратко да одговори на Виолета Дума, кажа дека на денот на изборите имал јавувања од граѓани во однос на кршење на изборниот молк од страна на конкретни партии. И тој сам ги проверил порталите, во 10 и 30 имаше реклами а после беа исклучени, најверојатно луѓето виделе дека направиле грешка и ги исклучиле. Овде е несвесно направено кршењето, но факт е дека е ова сторено. Што се однесува до интернетот, интернетот е на прво место за информирање на граѓаните, пред телевизијата, печатените медиуми и др.Како оди времето се повеќе и повеќе се користи интернетот. Можеби ова треба да се регулира со законот, но има кршење на изборниот молк.

- Анета Стефановска, Член на ДИК кажа дека се гледаат на ВЕБ страницата Стево Пендаровски и Зоран Заев. Што се однесува до Дудинка тоа е интернет портал кој го води човекот за кој не знае зошто им пречи. Аргументирано кажува околу часот 7:59 дали е наутро или навечер, дали е претпладне или попладне, не се знае.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека ДИК имаше слични приговори и ги реши негативно. Во однос на интернетот. Што е виновен Стево Пендаровски или Ѓорѓе Иванов, што некој се дрзнал да го стави на интернет. Нема пасивна легитимација, нема кој да се тужи. За него, нема предмет и овие приговори треба да се отфрлат, а ако се мас медии виновни за тоа е надлежна Агенцијата за Аудио и Аудио-Визуелни медиумски услуги.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, меѓу другото кажа дека е добро што е ваква дискусијата, конструктивна, тоа значи дека ДИК подобро анализира. Да беа овие приговори за парламентарните избори, има прекршок, но овде по членот 69-а од Изборниот законик, политичка партија не е учесник во кампањата. Законот има фалинки. Ѓорѓе Иванов или друг кандидат ако на својата ВЕБ страна се рекламираат тогаш е казниво. Во измените на Изборниот законик треба да ги има и да се додадат порталите и фејсбукот. Но сега нема основ. ВЕБ страната во петок од 24:00 нема функционирање до кога е изборниот молк. Има јавно претставување но од портал е и што е виновен Ѓорѓе Иванов или Стево Пендаровски. Вака се утврдуваат и празнините на Изборниот законик, но добро е и ОБСЕ да нотира и за ова да искаже препораки, а добро е и за тие што се бават со изборното право, да нотираат. ДИК мора да се придржува до Изборниот законик. Добро е што се поднесени овие приговори но нема основ да се прифатат од страна на ДИК.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, потсети дека ваков приговор кој се однесуваше на Ѓорѓе Иванов беше прифатен, а сега е друго и ова не е ништо. Роковникот точно кажува кога е молк а Стево Пендаровски тие два дена стоеше на порталите.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека со внимание го проследил излагањето на М-р Субхи Јакупи и доста се согласува со неговото мислење. Во овие избори, мора да се признае, со овие исклучоци, има прилично коректно почитување на изборниот молк и од учесниците и од порталите. Ако ДИК реши дека интернет порталите не се средство за прекршување на изборниот молк, дали би се довеле во ситуација на 26 и 27.04.2014 година да бидеме бомбардирани од интернет портали. ДИК внимателно да размисли околу овие интернет портали, да не дојде до хаос.
- Виолета Дума, Член на ДИК , кажа дека има фалинка во законот за интернет порталите и во ИЕ 7,8 и 9. ДИК е матица за давање на предлози за измена и дополна на Изборниот законик и ова е еден од предлозите на ДИК " што е интернет порталот ".
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека се согласува со колегата Влатко Сајкоски, навистина ќе стане хаос со интернет порталите, но овде нема субјект, нема кој да се тужи. ДИК не смее од овде да даде знак дека сега интернет портал може да објавува што сака. Овде нема пасивна легитимација и предлага да се одбијат приговорите затоа што нема пасивна легитимација. Нема кој да се тужи. Ни Иванов ни Пендаровски не се сопственици на овие портали, им ги искористиле сликите.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се неговите размислувања во целост со дискусиите на Бедредин Ибраими и М-р Субхи Јакупи. Што се однесува до порталот Дудинка се знае дека е Миленко Неделковски сопственик на тој портал и тој е регистриран портал како и сите други портали. Имаше различни размислувања во врска со приговорите. Позитивно е што го извлековме ова на крај, и да се олесни ДИК, тој би предложил да им се сугерира на политичките партии своите ВЕБ портали на деновите на молкот да им бидат исклучени за да не би добивале вакви приговори повторно.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека смета дека е многу корисно тие како ДИК да покренат прекршочни постапки против овие портали, него на изборниот молк ВЕБ порталите да си ја тераат кампањата.

Дискусијата заврши и приговорите се ставени на гласање.

Се стави на гласање првиот приговор број 09-1580/1 од 12.04.2014 година. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за прифаќање на овој приговор.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на приговорот број 09-1580/1, а 4 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа "ПРОТИВ" прифаќање на приговорот број 09-1580/1.**

**Се констатира дека не е прифатен приговорот број 09-1580/1 од 12.04.2014 година.**

Се стави на гласање вториот приговор број 09-1581/1 од 12.04.2014 година. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за прифаќање на овој приговор.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на приговорот број 09-1581/1, а 4 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р**

**Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа "ПРОТИВ" прифаќање на приговорот број 09-1581/1.**

**Се констатира дека не е прифатен приговорот број 09-1581/1 од 12.04.2014 година.**

Се стави на гласање третиот приговор број 09-1582/1 од 12.04.2014 година. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за прифаќање на овој приговор.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на приговорот број 09-1582/1, а 4 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа "ПРОТИВ" прифаќање на приговорот број 09-1582/1.**

**Се констатира дека не е прифатен приговорот број 09-1582/1 од 12.04.2014 година.**

Се стави на гласање четвртиот приговор број 09-1606/1 од 13.04.2014 година. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за прифаќање на овој приговор.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на приговорот број 09-1606/1, а 4 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа "ПРОТИВ" прифаќање на приговорот број 09-1606/1.**

**Се констатира дека не е прифатен приговорот број 09-1606/1 од 13.04.2014 година.**

Се стави на гласање петтиот приговор број 09-1635/1 од 13.04.2014 година. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за прифаќање на овој приговор.

**4 Члена на Државната изборна комисија ( Сашо Срцев, Анета Стефановска, М-р Субхи Јакупи и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на приговорот број 09-1635/1, а 3 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, Виолета Дума и Влатко Сајкоски ) се произнесоа "ВОЗДРЖАНИ" .**

**Се констатира дека не е прифатен приговорот број 09-1635/1 од 13.04.2014 година.**

Во втората група се приговори поднесени согласно член 77 од Изборниот законик. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека се работи за претставки и барања за покренување постапки поднесени од СДСМ од овластен подносител на листа на кандидатот за претседател на Р.Македонија, Стево Пендаровски за прекршување на член 77 од Изборниот законик од страна на радиодифузерите – телевизиите Сител, Канал 5 и Алфа на кои беше прикажан прилог во кој беа објавени резултатите од спроведеното испитување на јавното мислење и порталите Вистина мк, Република, Портал, Нетпрес, Максим.мк, Макфакс, Курир и Фаланга во кои беше објавен напис во кој беа објавени резултатите од спроведеното испитување на јавното мислење во период на 5-те дена пред одржување на изборите, кога тоа не смее да се прави. Анкетата ја правел Институтот "Павел Шатев " на барање на интернет порталот Курир, истата

била спроведена телефонски на 1430 испитаници и биле опфатени сите шест изборни единици.

Се отвори дискусија. За збор се јавија:

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека ДИК има слична ситуација, станува збор за објавување на анкети конкретно по барање на определен портал спроведена од конкретен Институт. Според него нема прекршување на Изборниот законик, анкетата е наменета за парламентарни избори а не за претседателски избори. Ова е во надлежност на Агенцијата за Аудио и Аудио-Визуелни медиумски Услуги и таа си превземала мерки.Овие приговори, кои се однесуваат за порталите и трите телевизии, треба да бидат отфрлени во целост.
- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека во приговорите се работи за претседателски, а не за парламентарни избори. Анкетата е спроведена на 10.04.2014 година а на 13.04.2014 година беа изборите.Исполнети се сите услови на незаконито објавување, а што се однесува до Агенцијата за Аудио и Аудио-Визуелни медиумски Услуги, Влатко Сајкоски е во право, ДИК ова треба да го препрати до Агенцијата за Аудио и Аудио-Визуелни медиумски Услуги.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој кажа дека ДИК имаше ваква пракса и ДИК треба да ги упати подносителите на овие приговори каде треба да се достават. Ова е во надлежност на Агенцијата за Аудио и Аудио-Визуелни медиумски Услуги. Членот 77 од Изборниот законик е во надлежност на Агенцијата за Аудио и Аудио-Визуелни медиумски Услуги. ДИК не е надлежна.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа да се констатира дека ДИК не е надлежна. Овие приговори да се отфрлат како беспредметни, а ДИК не треба да ги препрати.
- Виолета Дума, Член на ДИК, предложи , не да се отфрлат приговорите туку ДИК да одговори дека е ненадлежна, за да можат подносителите на приговорите да покренат постапка.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека овие претставки не се беспредметни и прашање е дали не се во надлежност на ДИК. Но тој ќе се согласи за овие случаеви поради тоа што Агенцијата за Аудио и Аудио-Визуелни медиумски Услуги има поднесено прекршочни пријави.Да се одговори дека ДИК не е надлежна за разгледување на овој тип на приговори, надлежна е Агенцијата за Аудио и Аудио-Визуелни медиумски Услуги.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предложи да се одбијат приговорите по член 77 од Изборниот законик поради тоа што ДИК не е надлежна за разгледување на овој тип на приговори. Предлогот е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " одбивање на приговорите по член 77 од Изборниот законик поради тоа што ДИК не е надлежна за разгледување на овој тип на приговори.**

Во третата група се приговори поднесени согласно член 78 став (8) и член 82 став (4) од Изборниот законик. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде краток осврт. Се работи за претставки поднесени од СДСМ од овластен подносител на листа на кандидатот за претседател на Р.Македонија, Стево Пендаровски, за прекршување на член 78 став (8) и член 82 став (4) од Изборниот законик.Во првата претставка е направено прекршувањето од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ со истакнување на плакати од изборната кампања на кандидатот за претседател Ѓорѓе Иванов како и знамињата на ВМРО-ДПМНЕ на објектите каде се сместени Културниот центар "25 Мај" и Кино салата во Валандово, кои се јавни општински установи. Во другата претставка е прекршен членот 82 став (4) од Изборниот законик од страна на кандидатот за пратеник од листата на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, под реден број 13, Ане Лешкоска, со одржување на неколку

предизборни средби со граѓани во просториите на локалните училишта и детските градинки на територија на општина Прилеп. Во двете претставки доставени се фотографии.

Се отвори дискусија. За збор се јавија:

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа во однос на приговорот за Валандово во врска со членот 78 став (8) од Изборниот законик, општината уредува каде можат да се истакнат плакати и ако не утврди место за лепење на плакати согласно членот 184 од Изборниот законик ( го чита) има казнена одредба. Според него треба да се поднесе пријава против Градоначалникот на општина Валандово и раководителот на Културниот центар "25 Мај" и Кино салата во Валандово. За вториот приговор не се гледа каде се одржани средбите и не треба да се прифати. Според него овој Изборен законик е има многу фалинки (го чита членот 186 од Изборниот законик ) .

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа во врска со приговорот за Валандово, се работи за мало место во кое нема повеќе од 4000 регистрирани гласачи и таа сала е единствено место каде се одржуваат митинзи. Се гледа од фотографиите, не се плакати него објава за митинг, напишано е каде ќе биде митингот а тоа е токму таа сала.Овој приговор треба да биде одбиен согласно чл.82 став (2) од Изборниот законик ( го чита ). Двете претставки треба да се одбијат како неосновани.

- Виолета Дума, Член на ДИК, во врска со приговор за Валандово од доказите се гледа, сликано е дека е Дом на култура и две слики од Ѓорѓе Иванов. ДИК мора да работи по овие приговори кои се повикуваат на член 78 став (8) и член 82 став (4) од Изборниот законик ( ги чита). Го чита членот 188 од Изборниот законик, да се изрече прекршок на одговорно лице како што предложи Бедредин Ибраими. По однос на првиот приговор дилеми нема, а по однос на вториот приговор, точно е дека нема наведено каде Ане Лешкоска држела говори или повикување на гласање, факт е дека не е наведено кој е објектот и тоа и остава дилема.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, праша каде СДСМ или Стево Пендаровски го одржале својот предизборен собир во Валандово.

- Виолета Дума, Член на ДИК, одговори дека не знае, а можеби е во Домот на културата во Валандово.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека се идентични согледувањата по двата приговора. Во Прилеп нема ниту од фотографиите дека е нешто сторено. За Валандово се гледаат две слики свртени од повеќе страни. Не гледа законски основ за прифаќање на овие приговори. ДИК требаше овие приговори со доказите да ги испрати до ОИК , да направат увид, да дадат Извештај и ДИК сега да гласа.Од овие фотографии не се гледа ништо. Неговиот предлог е ДИК да се обрати до ОИК, и ОИК да направи званичен Записник.

- Потпретседателот на ДИК,М-р Субхи Јакупи, кажа дека ДИК нема Извештај од работната група што поточно да утврди. Овие приговори се примени на 10.04.2014 год. во ДИК. Го чита членот 82 став (2) и став (3). Значи на денот на изборите не смее да има вакви плакати и самиот ИО може да ги отстрани. На ова место сигурно имало митинг, но ДИК на денот на изборите немаше приговори во врска со ова. Според него се работи за објект каде е одржан собир, а на денот на изборите треба да биде без плакати.Се согласува со Сашо Срцев, дека треба да се приберат податоци, ДИК да има појасна слика за да може да гласа. По вториот приговор не може да утврди од сликите дека има поинакво согледување.Нема доволно докази да биде прифатен овој приговор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се различни мислењата во врска со овие приговори. Ако се бараат докази ќе треба да се одложи

расправата по овие приговори.Предлага да не се одлага работата и да се гласа по приговорите.

Прво се стави на гласање првиот приговор за истакнување на рекламен материјал и знаме на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ во Валандово. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за овој приговор.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на приговорот за истакнување на рекламен материјал и знаме на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ во Валандово, 3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на приговорот, а 1 Член на Државната изборна комисија ( М-р Субхи Јакупи ) се произнесе "ВОЗДРЖАН" .**

**Се констатира дека не е прифатен приговорот за истакнување на рекламен материјал и знаме на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ во Валандово.**

Потоа се стави на гласање вториот приговор за Ане Лешкоска дека вршела агитација и средби со граѓани. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за овој приговор.

**2 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски и Виолета Дума ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на приговорот за Ане Лешкоска дека вршела агитација и средби со граѓани и 5 Члена на Државната изборна комисија (М-р Субхи Јакупи ,Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ПРОТИВ " приговорот.**

**Се констатира дека не е прифатен приговорот за Ане Лешкоска дека вршела агитација и средби со граѓани.**

**Точка 8:**

**Разгледување на претставката и барањето за одземање на овластување за набљудување на Претседателските и предвремените парламентарни избори, 2014 година поднесена од овластениот претставник на кандидатот за Претседател на Република Македонија Иљаз Халими и Демократската партија на Албанците – ДПА, г. Раметула Кучи;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори расправа по овој приговор и прво му даде збор на Бедредин Ибраими, Член на ДИК даде објаснување по приговорот.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој меѓу другото кажа дека е ДИК, согласно Изборниот законик, должна да издава овластувања за набљудувачи и во тој дел се издадени премногу овластувања во услови кога се ИО така поставени, во состав од 3 члена од јавна и државна администрација и 2 члена од политички партии.Има набљудувачи од ОБСЕ/ОДИХР, сите политички партии имаат свои набљудувачи, плус набљудувачи од невладини организации и граѓански асоцијации кои ги набљудуваат изборите. Во една просторија има по 13,14 субјекти како набљудувачи. Но ДИК по закон на сите им дава одобрение за набљудување само врз основа на список на лица, без адреси.Во иднина треба да се бараат и документи за лицата кои ќе го вршат набљудувањето. Чита од приговорот дека Здружението "Движење Вепро" од Струга наместо да врши набљудување на изборниот процес на 13.04.2014 година вршела антипропаганда. Побарано е од ОИК Струга да ги известат за нивните активности, но до ОИК Струга не е поднесен било каков приговор, односно жалба по овој основ. Чита писмо од општина Вевчани дека невладини организации вршеле евиденција на граѓаните во општина Вевчани,

што го демантира писмото од Струга.Невладини организации не смеат да бидат инструмент на политичките партии а ова беа тие што ги бојкотираат изборите. Најавите стојат, Вевчани најавија дека прават извештаи. Смета дека се исполнети сите услови дека вакви дејствија се вршени особено во места каде живеат албанци се со цел да се одвратат да гласаат за нивниот кандидат за претседател. Ќе гласа за прифаќање на овој приговор.

Потоа за збор се јавија:

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој меѓу другото кажа дека се согласува со првиот дел од дискусијата на Бедредин Ибраими како ДИК ги дава акредитациите. Смета дека нема прекршување за издадените акредитации и има скоро 9000 набљудувачи со овластувања од страна на ДИК.Овој приговор од ДПА е поднесен на 15.04.2014 година и за тоа што се наведува нема докази, каде во кои ИМ е направено, дали на денот на изборите се обратиле со приговор до ДИК и ДИК да може да реагира. Овластените претставници на политичките партии и акредитираните набљудувачи пополнуваат извештаи. ОБСЕ/ОДИХР никогаш немаат прес на денот на изборите, дека имало прекршувања, туку утре ден го кажуваат својот став. Мора да се каже на кое Избирачко место на пример се брише видливото мастило. ДИК беше на лице место и во Шуто Оризари и на ИО им е кажано дека има 35 минути снимено видео и ќе се види што се случило. Ако сите се анализираат има ред недостатоци но ова не е чврст доказ дека изборите не беа фер и демократски. За "Движење Вепро" од Струга точно треба да се посочи за кое ИМ се работи и со име и презиме да се посочат на кои набљудувачи да им се земе овластувањето, но целосно на "Движење Вепро" да им се поцрни работата не е добро. За него сите здруженија се исти и мора да се придржуваат на Кодексот за набљудување на изборите и изборната постапка донесен од ДИК. ДИК треба да има посебен прирачник за овие набљудувачи. Ова е добро за да ДИК постапи како треба. Сите овластени акредитирани набљудувачи треба да се придржуваат на Кодексот кој ДИК го утврди. Нема докази за да се прифати претставката на ДПА за да му се одземе целосно акредитацијата на Здружението "Движење Вепро" од Струга. На денот на изборите сите акредитирани набљудувачи не може да држат прес ( како на пр.МОСТ ), а ДИК нема ни приговори за тоа.Треба пак да се врши обука на ОИК и ИО како правилно да се употреби видливото мастило кое е со добар квалитет и со сите перформанси. Што се однесува до акредитациите, ДИК има стручна служба која ги разгледува Барањата за акредитации па потоа ДИК ги прифаќа. Треба да се утврди адреса на секое лице поединечно.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека му е жал што до ДИК има ваков приговор, за кој навистина има чврсти докази, но во вториот круг на избори ќе дојде до израз самозаштитата. Р.Македонија е парламентарна демократија а се учат децата на антидемократија. Се врши агитација луѓето да се одвратат од гласање, се учат на бојкот на изборите. Законите се менуваат на демократски начин. Ги жали децата да се наведат да агитираат и ова е за секоја осуда. Тој ќе гласа да се прифати приговорот кој е сега превентивен, а ДИК ќе се увери во вториот круг на избори каде ќе има агитација. Доказ даде општината Вевчани.Тој има замерка на полицијата и ДИК треба да има уште една средба со полицијата.Факти се дека полицијата не ја вршеше работата.

- Виолета Дума , Член на ДИК, која меѓу другото кажа дека ДИК ги прифаќа сите акредитации, не е одбиена ниту една. Точно е тоа дека за најмала работа се бараат и документи и докази. Иако ДИК нема докази кои ИМ биле и дали има овластување набљудувачот, треба да се укаже за вториот круг на избори набљудувачите да не се однесуваат како диригенти. Тоа се огромна маса на луѓе кои учествуваат во изборите и ДИК треба да ја покаже својата активност и будност со овие

акредитации. Тие невладини организации се добри но не смеат да излезат од своите граници. Овој приговор го сваќа позитивно за размислување на ДИК и треба да има некоја опомена.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, кој кажа дека е денот на изборите свечен чин за него а и за сите други.Секој избирач треба да го истакне своето избирачко право иако според нашиот Изборен законик гласањето не е обавезно, кој сака ќе излезе да гласа. За овој приговор ДИК мора да размисли. Нема докази за кое ИМ се работи, дали носеле беџови или партиски симболи, го реметеле гласањето и слично, но уште еднаш ДИК да направи средба со МВР како предложи Бедредин Ибраими. И Изборниот законик треба да претрпи измени за начинот на давање на акредитациите за да ДИК знае точно на кого дава акредитации. Мора уште една средба да се направи и со ОИК и ИО. ОБСЕ и ОДИХР не најдоа забелешки дека ДИК нема соработка со ОИК и ИО. Ова не смее да се деси во вториот круг на избори.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека Извештајот на "Движење Вепро" бил вчера, дека се зголемуваат гласовите на македонците а драстично паднаа гласовите на ДПА. Тие ја исполниле целта и утре ќе се срамотат тие млади деца.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, предложи ДИК да направи допис до сите домашни набљудувачки мисии,едно писмо во кое ДИК ќе ги потсети на сите права и обврски и да ги почитуваат Изборниот законик и Кодексот. Ова сериозно да го земат во предвид и на крајот на изборите да кажат што имаат. Ова е негов предлог како Заклучок.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека нема причина да не се верува во наводите во приговорот и тоа што го искажа Бедредин Ибраими. Апсолутно се согласува со предлогот на Влатко Сајкоски, од оваа дискусија да произлезе прво до "Движење Вепро" како укажување или предупредување дека ги пречекорило своите овластувања, а потоа и до сите други акредитирани набљудувачи. Треба да се размисли и за нова средба со МВР. Материјален доказ е нешто што не е јака страна на овој приговор и тој не може да се произнесе за прифаќање.
-Бедредин Ибраими, Член на ДИК, предложи ДИК да донесе Заклучок кој произлезе од оваа дискусија по службена должност. ДИК да се обрати до сите домашни здруженија строго да се придржуваат на правилата и процедурите за набљудување на изборите согласно Кодексот за набљудување на изборите и изборната постапка и до Општинските изборни комисии да ја следат работата на акредитираните набљудувачи за време на изборниот процес.

Прво се стави на гласање претставката и барањето за одземање на овластување за набљудување на Претседателските и предвремените парламентарни избори, 2014 година поднесена од овластениот претставник на кандидатот за Претседател на Република Македонија Иљаз Халими и Демократската партија на Албанците – ДПА, г. Раметула Кучи. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша кој е за оваа претставка.

**1 Член на Државната изборна комисија (Бедредин Ибраими ) се произнесе " ЗА " прифаќање на претставката и барањето за одземање на овластување за набљудување на Претседателските и предвремените парламентарни избори, 2014 година поднесена од овластениот претставник на кандидатот за Претседател на Република Македонија Иљаз Халими и Демократската партија на Албанците – ДПА, г. Раметула Кучи, 3 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи и Влатко Сајкоски ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на претставката и 3 Член на Државната изборна комисија (Сашо Срцев, Анета Стефановска и Виолета Дума ) се произнесоа "ВОЗДРЖАНИ" .**

**Се констатира дека не е прифатена претставката и барањето за одземање на овластување за набљудување на Претседателските и предвремените парламентарни избори, 2014 година поднесена од овластениот претставник на кандидатот за Претседател на Република Македонија Иљаз Халими и Демократската партија на Албанците – ДПА, г. Раметула Кучи.**

**ДИК по службена должност донесе Заклучок да се обрати до сите домашни здруженија строго да се придржуваат на правилата и процедурите за набљудување на изборите согласно Кодексот за набљудување на изборите и изборната постапка и до Општинските изборни комисии да ја следат работата на акредитираните набљудувачи за време на изборниот процес. Овој Заклучок да се достави до Општинските изборни комисии и домашните здруженија кои се стекнале со својство на акредитирани набљудувачи и да се објави на ВЕБ страницата на ДИК. Заклучокот е составен дел на овој записник.**

**Точка 9:**
**Разгледување на барањата за изземање од Избирачките одбори за спроведување на гласањето во ДКП;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека има преглед, односно список на лица кои бараат изземање од Избирачките одбори за спроведување на гласањето во ДКП. Се работи за 37 лица. ДИК го разгледа овој список на работен состанок и има завземено став. Генерално сите овие лица и во првиот круг на гласањето не отишле во ДКП и не присуствувале на гласањето и тоа од број 1 до број 34. Се читаат сите лица по име и презиме и се кажува за кого се прифаќа а за кого не се прифаќа барањето. Со оглед дека овие лица не присуствувале на гласањето во ДКП во првиот круг, а ИО кои биле во ИЕ 7,8 и 9 успешно си ја завршиле работата нема време да се изберат нови членови на местото на изземените.

**Точка 10:**
**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Канцеларијата на НАТО за врски Скопје, Амбасадата на Република Полска, Амбасадата на Руска Федерација во Р.Македонија, ЦИК на Грузија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје – дополнување, Канцеларијата на ОБСЕ/ОДИХР-дополнување и Делегација на Европска Унија - дополнување за претседателски избори и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека материјалот по барањата го имаат. Според увидот од страна на службите е потврдено дека е доставена потребната документација и дека се исполнети условите за усвојување на овие барања за акредитација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ги стави Барањата за акредитација на набљудувачи од Канцеларијата на НАТО за врски Скопје, Амбасадата на Република Полска, Амбасадата на Руска Федерација во Р.Македонија, ЦИК на Грузија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје – дополнување, Канцеларијата на ОБСЕ/ОДИХР-дополнување и Делегација на Европска Унија - дополнување за претседателски избори и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Барањата за акредитација на набљудувачи од Канцеларијата на НАТО за врски Скопје, Амбасадата на Република Полска, Амбасадата на Руска Федерација во Р.Македонија, ЦИК на Грузија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје – дополнување, Канцеларијата на ОБСЕ/ОДИХР-дополнување и Делегација на Европска Унија - дополнување за претседателски избори и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година.**

**Точка 11:**
**Разно**

По точката "Разно" никој не се јави за збор. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека е дневниот ред исцрпен и ја затвори деведесет и седмата Седница на ДИК. Се заблагодари на сите присутни.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**97-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 19:15 часот.**

**Број** 02-1276/2
26.04 **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**